**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 383/2024**

Заменик извршител Митко Ристовски во својство на заменик на Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител Комерцијална Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030989254937, ЕМБС 4065573 и седиште на ул. Орце Николов бр. 3, засновано на извршната исправа Солемнизација – Потврда на приватна исправа на Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ бр.1519/2020 од 30.09.2020 година на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, против должник/заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ЈАНТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје со ЕДБ 4080011524328, ЕМБС 6739164 и седиште на ул.14 бр. 88, Бардовци, за спроведување на извршување на ден 02.07.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста - деловен простор со следниве ознаки:
- КП.бр.12079 дел 0; адреса Г.Т.Ц Локал 3 Д.Е.211; број на зграда 5; намена ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО; влез 001; кат 001; број 211; внатрешна површина од 102 м2;

со право на сопственост на должник/заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ЈАНТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со фактичка состојба на денот на реализација на заложното право со сите припадоци, доградби, надградби и прирастоци, запишана во имотен лист бр.48084 за КО Центар 1 во Агенција за катастар на недвижности – Центар за катастар на недвижности Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **23.07.2024 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста утврдена со заклучок на извршителот И.бр.383/24 од 05.06.2024 година, а по предлог на заложниот доверител изнесува **10.407.563,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: заложно право – хипотека во корист на заложен доверител Комерцијална банка АД Скопје; Налози за извршување врз недвижност, Договор за користење и одржување на заеднички делови и функции на ГТЦ АД Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот Игор Антевски со бр.**250-0104023201-72 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје** и даночен број МК5080021510736, најдоцна до 22.07.2024 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ЗА И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски
Заменик извршител
Митко Ристовски

Д.-на: Комерцијална банка АД Скопје
Шпаркасе банка АД Скопје
Адвокат Весна Тренкоска Апостолоски
Извршител Павел Поп Иванов
Извршител Александар Максимовски
ДПТУ ЈАНТАР ДООЕЛ Скопје
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.